IV СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

„КРИТИЧНИ ПРАШАЊА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УГД - ШТИП

# ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВЕЌЕ КАКО СЕМЕЕН БИЗНИС

РАДИЦА АНДОНОВА, ФИДАНКА ТРАЈКОВА, ЛИЛЈАНА КОЛЕВА ГУДЕВА

# ВОВЕД

- Цвеќарство или флорикултура е сегмент од хортилкултурата кој се занимава со одгледување на цветни и декоративни растенија во индустријализирана форма за украсна намена. Одгледувањето може да биде на отворено или во затворен простор. Цвеќарството вклучува садници, цветни градини, саксиско цвеќе, билки и режано цвеќе.
- Денес, производството на цвеќе е семеен бизнис кој се развива на мали парцели, а произведеното цвеќе главно се продава по цветните пазари. Кај нас главно производството е по пластеници, а само мал дел е во стакленици.
- Оваа комерцијално успешна гранка е распространета низ целиот свет. Во Република Македонија, производството на цвеќе како дејност најмногу е присутно во јужниот и југоисточниот дел од државата, пред се заради поволните услови.



# Системи за производство на цвеќе

- **Производство на цвеќе на отворено**

Бројот на цветни растенија кои што се одгледуваат на отворено е значително помал од оној на растенија кои што се одгледуваат во заштитен простор. Главна причина за тоа е негативното влијание на надворешната средина во одредени услови и во одреден временски период.

- **Производство на цвеќе во заштитен простор**

Производството на цвеќе во заштитен простор е во пластеници или стакленици, почесто е во пластеници заради помалите инвестициски трошоци. Во заштитен простор може да се контролираат сите абиотски и биотски фактори кои влијаат на производството на цвеќе.





Оригинални фотографии: Радица Андонова



# Производство на цвеќе во заштитен простор

- **ФЛОКС АН ДООЕЛ** - мал семеен бизнис за производство на цвеќе
- Локација на пластеник: **село Градошорци, Струмица**
- Површина на која се одгледува цвеќето: **1000 $m^2$ заштитен простор без греење**
- Производство на цвеќе: **околу 80 000 растенија годишно**
- **Во производството се вклучени тројца членови на семејството.**
- Видови цвеќе: **бегонија, газанија, темјанушка, сардела, циклама, јаглика, петунија, вербена, хризантема, каранфил...**



# Производство на цвеќе во заштитен простор

- Доколку во вегетативната сензона има појава на болести на одредено место се врши третман на површината со одреден пестицид пред почетокот на новата сезона.
- Набавка на репроматеријали: тресет, саксии, ѓубрива, средства за заштита на растенијата.
- Набавка и производство на саден материјал: готов расад, семенски материјал и сопствени резници.
- Сеидба на семе во контејнери и призводство на сопствен расад – бегонија, газанија, темјанушка, одредна сардела...
- Прозводство на сопствен расад со резеници: хризантема, сардела, каранфил
- Готов расад: циклама, сардела, јаглика, петунија, вербена, каранфил...
- Агротехнички мерки кои се практикуваат: наводнување - рачно или со прскалки, редовна заштита од болести и штетници, исхрана на растенијата со течни минерални ѓубрива на 7 до 10 дена.
- Финалниот производ се пушта во продажба на големо и мало.







Оригинални фотографии: Радица Андонова

# Производството на цвеќе во заштитен простор – практични искуства

- **Позитивни искуства**
- Контрола на производната средината и нејзино прилагодување на потребите на растенијата;
- Растението е заштитено од надворешни негативни влијанија;
- Ризикот од болести и штетници е помал;
- Целогодишно производство на цвеќе.

- **Негативни искуства**
- Доколку се изгуби контролата врз условите во производната средината може да се појават одредени болести и штетници.
- Производството на квалитетно цвеќе е зависно од квалитетено семе, расад и останати репроматеријали.
- Во моментот постои голема нелојална конкуренција заради која паѓа цената на професионалното и квалитетно произведено цвеќе.





# Заклучок

- Во последните неколку години цвеќарството е во пораст во нашата држава.
- Производството на цвеќе во наши услови најчесто е семеен бизнис и затоа бара упорност и посветеност во работата на целото семејство.
- Иако голем дел од луѓето сметаат дека цвеќето не бара многу работа, сепак како и за останатите земјоделски култури, така и цветните растенија се применуваат одредени агротехнички мерки.
- Дополнително, цвеќето бара посебно внимание, за на крај да имаме прекрасни растенија кои ќе ја красат нашата градина, тераса, двор, паркови...


ВИ БЛАГОДАРАМ НА
ВНИМАНИЕТО!